**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-430
15.08. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 8 и 13, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3537/1 од 31.07.2018 година и Овластувањето бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и на член 16 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 10 и став 2 од истиот Закон, на начин што на 4 јули 2018 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, во рамки на својот телевизиски програмски сервис емитуваше повеќе играни програми (кинематографски филмови), без да ја аплицира предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица за време на нивното емитување, и тоа со наслов на емисија: W. (кинематографски филм за Садам Хусеин), со: Josh Brolin и др., емитуван во периодот од 00:00:00 часот до 00:55:59 часот; Flawless, Совршен план (кинематографски филм), со: Michael Radford и др., емитуван во периодот од 01:50:42 часот до 03:35:05 часот; A Woman's Rage, Женски гнев (кинематографски филм), со: Cameron Bancroft и др. емитуван во периодот од 03:40:36 часот до 05:10:38 часот; Venus & Vegas, Венера и Вегас (кинематографски филм), со: Donald Faison и др., емитуван во периодот од 05:15:12 часот до 06:50:55 часот; The Rival, Соперничка (кинематографски филм), со: Tracy Nelson и др., емитуван во периодот од 22:44:48 часот до 23:59:59 часот. Воедно, кинематографскиот филм „Венера и Вегас" (Venus & Vegas) беше емитуван во несоодветен период од денонокието, односно во периодот од 05:15:12 часот до 06:50:55 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3537/1 од 31.07.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него, како и на условите и обврските од дозволите и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 31 јули 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 4 јули 2018 година, на локално ниво (Општина Велес, Општина Чашка и Општина Градско), при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, со надзорот е констатирано дека на 4 јули 2018 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, во рамки на својот телевизиски програмски сервис емитуваше повеќе играни програми (кинематографски филмови), без да ја аплицира предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица за време на нивното емитување, и тоа со наслов на емисија: W. (кинематографски филм за Садам Хусеин), со: Josh Brolin и др., емитуван во периодот од 00:00:00 часот до 00:55:59 часот; Flawless, Совршен план (кинематографски филм), со: Michael Radford и др., емитуван во периодот од 01:50:42 часот до 03:35:05 часот; A Woman's Rage, Женски гнев (кинематографски филм), со: Cameron Bancroft и др. емитуван во периодот од 03:40:36 часот до 05:10:38 часот; Venus & Vegas, Венера и Вегас (кинематографски филм), со: Donald Faison и др., емитуван во периодот од 05:15:12 часот до 06:50:55 часот; The Rival, Соперничка (кинематографски филм), со: Tracy Nelson и др., емитуван во периодот од 22:44:48 часот до 23:59:59 часот. Според член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица задолжително се аплицира во сите видови играна програма и пред почетокот и за време на нејзиното емитување. Во напред наведените играни програми предупредувачката сигнализација е аплицирана само пред нивното емитување.

Воедно, кинематографскиот филм „Венера и Вегас" (Venus & Vegas) беше емитуван во несоодветен период од денонокието, односно филмот беше означен како програма од трета категорија (програма што не се препорачува за деца под 12 години и за чие следење е неопходен надзор од родител или старател), која според член 16 од напред наведениот Правилник може да се емитува во периодот од 20:00 часот до 05:00 часот, а се емитуваше во периодот од 05:15:12 часот до 06:50:55 часот.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3537/1 од 31.07.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 8 и 13, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3537/1 од 31.07.2018 година и Овластувањето бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и одредби од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на Директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3537/1 од 31.07.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Одговорното лице на програмата во правното лице - Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 31-07-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3537 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес
3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јули 2018 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јули 2018 година
5. Предмет на надзорот:

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 4 јули 2018 година, на локално ниво (Општина Велес, Општина Чашка и Општина Градско), **е констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, кинематографскиот филм „Венера и Вегас" (Venus & Vegas) беше емитуван во несоодветен период од денонокието. Имено, филмот беше означен како програма од трета категорија (програма што не се препорачува за деца под 12 години и за чие следење е неопходен надзор од родител или старател), која според член 16 од Правилникот може да се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот, а се емитуваше во периодот од 05:15:12 до 06:50:55 часот.

**4 јули 2018 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Venus & Vegas, Венера и Вегас (кинематографски филм), со: Donald Faison и др. | 05:15:12 | 06:50:55 |
| **Опис:** | | |
| Емитуваната содржина е означена како програма од Трета категорија. Според насоките и класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, таквите програми се емитуваат само од 20:00 до 05:00 часот. | | |

Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмскиот сервис ТВ Здравкин, емитуваше повеќе играни програми (кинематографски филмови) без да ја аплицира предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица за време на нивното емитување. Според член 19 од Правилникот, предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица задолжително се аплицира во сите видови играна програма и пред почетокот и за време на нејзиното емитување. Во играната програма прикажана во табелата

подолу, предупредувачката сигнализација е аплицирана само пред нејзиното емитување.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| W. (кинематографски филм за Садам Хусеин), со: Josh Brolin и др. | 00:00:00 | 00:55:59 | Предупредувачката сигнализација за заштита на малолетниците не е аплицирана за време на емитувањето на играните програми. |
| Flawless, Совршен план (кинематографски филм), со: Michael Radford и др. | 01:50:42 | 03:35:05 | |
| A Woman's Rage, Женски гнев (кинематографски филм), со: Cameron Bancroft и др. | 03:40:36 | 05:10:38 | |
| Venus & Vegas, Венера и Вегас (кинематографски филм), со: Donald Faison и др. | 05:15:12 | 06:50:55 | |
| The Rival, Соперничка (кинематографски филм), со: Tracy Nelson и др. | 22:44:48 | 23:59:59 | |

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите 16 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 4 јули 2018 година, се емитувани повеќе играни програми без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица во текот на нивното емитување, а кинематографскиот филм „Венера и Вегас“ (Venus & Vegas) беше емитуван во несоодветен период од денонокието.

9. Предлог мерка:

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*